Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-568/8
30.05.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-568/8
30.05 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 45 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 21.04.2022 година | **Време** | 12.00 – 14.00 часот |
| **Бр. на седница** | 45-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев (независен експерт), Сандра Анастасовска (МИОА), Сања Фрковиќ Гелевска (Канцеларија на ЕУ во Скопје). | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов и Мишко Талески (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 31.03.2022 год;
2. Мислење на НКБК по однос на предлог Договорот за соработка со Израел;
3. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 45-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 44-та седница, одржана на 31.03.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов, отвори дискусија по однос на предлог Договорот за соработка со Израел во областа на електронските комуникации и поштенските услуги, за кој Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), треба да даде мислење. Договорот е во насока на унапредување на трговската и техничката размена меѓу двете земји, како и за економскиот и социјалниот развој на државите.

Буковалов истакна дека преку спроведување на договорот би се овозможило соработка, модернизација, проширување и развој на електронските комуникации меѓу двете земји. Меѓу друго, ќе се воспоставуваат контакти помеѓу јавните и приватните субјекти, академските и истражувачките институти, корпорациите и другите релевантни организации, со цел да разговараат за научни и технички прашања поврзани со електронските комуникации и поштенските услуги.

Сандра Анастасовска од МИОА истакна дека договорот е плод на неодамнешната посета на министерот за информатичко општество и администрација, Адмирим Алити на Израел, кој треба да обезбеди размена на искуства и можности за идна соработка меѓу државите.

Членовите на НКБК, на седницата ги изнесоа своите забелешки за одредени членови од договорот, во насока на нивно појаснување и подобрување од аспект на надлежноста што ја имаат во областа на електронските комуникации.

**Заклучок:** Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), изнесените забелешки ќе ги достави до Министерството за информатичко општество и администрација.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, не се отвори дискусија .

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________